**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од второто продолжение на Шеесет и втората седница**
**одржана на 17 јануари 2001 година**

Седницата се одржа во салата за седници во Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по 62-та седница на Собранието на РМ.

Пратеникот Ванчо Георгиев ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Ве молам уште еднаш да притиснете на едно копче од системот на гласање да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат 62 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратениците во Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претресот по текстот на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за ПИО.

Продолжуваме со претрес по амандманот на член 1 во воведната за додавање нов став 4 по ставот 3 поднесен од пратеникот Караџоски, Јордан Бошков и Фатмир Етеми.

За збор се јави г-динот Тито Петковски.

Тој не е присутен.

Г-ѓа Шеќеринска Радмила не е присутна. Г-динот Абдурахман Алити не е присутен. Г-дин Радомир Карангелески не е присутен Г-дин Климовски Саво не е присутен. Молам, кој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандман

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За амандманот гласаа 61 пратеник, од кои 53 за, воздржани 3,против 3.

(на мониторот се прикажани"против 5").

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 1 во воведната реченица и за додавање нов став 4 по ставот 3 поднесен од пратениците Жарко Караџоски, Јордан Бошков и Фатмир Етеми.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Бедредин Ибраими, потпретседател на Владата министер за труд и социјална политика.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ**:

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Благодарам, одиме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1 поднесен од пратениците Чедомир Кралевски и Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Бедредин Ибраими, потпретседател на Владата министер за труд и социјална политика.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ** :

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Бедредин Ибраими, потпретседател на Владата и министер за труд и социјална политика.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ**:

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 2 и 3 поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Молам да се осветли екранот на мојот монитор, затемнет е, ништо не се гледа.

Благодарам.

Има збор господинот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ**:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Прво, би сакал да укажам дека околу овој амандман, што предлага бришење на два члена, мојот став што го искажав и во општиот претрес, но бидејќи тоа беше пред празниците, би се обидел малку да се потсетиме за што се работи.

Прво, би сакал да укажам дека предметот што го регулираа овие два члена не се однесува на многу актуелното прашање што во РМ е, тоа се реформите во јавната администрација и во тој дел сигурно, во еден хаос во кој се наоѓаат сите

вработени во администрацијата во овој период, во период на 24 плати, систематизации,состаноци,изјави од разни типови - ќе одат 1000 вработени, од ова Министерство 50, од она министерство и, во една состојба во која што сите вработени сигурно се разбудуваат дали ќе бидат отпуштени или ќе бидат со согласност за престанокот на работниот однос и сл.

Предметот на регулирање на овој дел од Законот регулира еден друг дел, сосема друг дел и на сосема друга категорија, односно не на вработени кои се во јавната администрација и се плашат за нивни престанок на работниот однос и егзистенција, се однесува на лицата кои немаат работен однос, односно на невработените, пријавени во Заводот за вработување и примаат или не примаат одреден паричен надоместок. Врз основа на тоа право на невработеност ги остваруваат одредените права во ПИО и Здравственото осигурување. Затоа би сакал да кажам за што се работи. Се работи , прво, што е чудно и интересно, бидејќи во овој Закон пред Парламентот беше понуден во два закони, па потоа со амандман усогласување се направи еден закон.

Законот што беше предложен и оваа материја што е предложено, е чудно во работата на Парламентот, од Министерството за финансии, а не од надлежното Министерство за труд и социјална политика. Тоа е надлежно за оваа област, особено за овие вработени. Па затоа, во тој дел едно чудно и интересно прашање што во одредена состојба,до колку беше предложено од Министерството за труд и социјална политика, сигурно надлежниот министер и надлежното Министерство, како надлежно, ќе интервенираше во одредена смисла на своите надлежности.

На лица кои се невработени и користат парична помош во висина од околу 100 ДМ, тоа е 40% од просечната плата после втората година или 50%, до сега им се плаќаше придонес за ПИО во износ од нивните примања, но не повеќе од просечната плата во стопанството на РМ.

Сега со измените се предлага на овие лица да им се плаќа придонес за ПИО, но не на износот што се плаќаше досега, туку во висина на паричниот надоместок што го примаат овие лица. На тој начин од средствата на буџетот на РМ, што се донираат во Фондот за ПИО се заштедуваат околу 180 милиони денари или околу 6.000.000 марки.

Ваквата реформа предложена од Министерството за финансии и потпретседателот на Владата, кој ја бранеше, нормално како претставник на Владата, се нарекува како хуман закон или најхуман закон и реформски закон.

Би сакал да кажам во што е хуманоста на овој закон.

Хуманоста на овој закон се состоела во тоа што лицата невработени, а примаат 10 0 ДМ и на кои се плаќа придонес за ПИО, до колку им се намали придонесот за ПИО , немале да седат дома, да уживале туку веднаш ќе тргнеле да бараат работа и, бидејќи во РМ има потреба немаме голем број на невработени, сигурно ќе најдат работа и нема да ги користат тие привилегии.

Ако е тоа хуманоста, тогаш надлежното Министерство би требало да предложи на лица, по било кој основ ако им престане работниот однос. да не примаат ниту паричен надоместок ниту да имаат здравствено, ниту пензиско и тогаш ќе е најхуман. Законот ќе е најхуман во тој дел и тие лица веднаш по престанок и прогласување на технолошки вишок ќе бараат кај работодавците во РМ работа и нема да ги користат тие права. Тоа би било најхумано во овој дел што би требало да го предложи министерството од хумана гледна точка.

Овој закон бил реформски, еден од најреформските, па дури и во средствата за информирање се промовира како за таков закон. Зошто бил реформски? Затоа што Буџетот на РМ заштедува 180 милиони денари. Тие денари ќе се употребеле, во одредени укажување и на министерот, за плати во администрацијата, за развој и сл.

Би сакал да укажам, овој закон ниту е хуман ниту е реформски. Овој закон, барем според моето гледање и гледањето од страна на тоа кој го предложил и во образложението на законот што ни беше доставено, стручњаците во Министерството за финансии утврдиле дека Буџетот на РМ во 2000 година требал да префрли 180 милиони денари на Фондот за ПИО за покривање на трошоците на невработените лица. Тие рекле најдобро е,и во Буџетот за 2000 година тие средства не биле предвидени. Сигурно, од нивни аспект, зголемувајќи го и суфицитот на Буџетот за 6 милиони марки , тие рекле најдобро е да се укинат тие пари , тие лица, секако, во еден иден период за најмалку пет години или 10 години ќе остваруваат пензија, па дотогаш ќе се навикнат да живеат, бидејќи, до колку сега живеат со 100 марки, ако одат во пензија да земаат според овој придонес 120 или 150 марки, многу тешко ќе се чувствуваат и не ќе можат да се прилагодат на животот, на живеењето со поголема пензија. Затоа да ги сведеме на пензија во тој дел, да им ги намалиме овие давачки и тие луѓе да продолжат да бараат работа во РМ.

Сметам дека со овој закон Владата на РМ ја продолжува крајно рестриктивната политика во сферата на социјалната поддршка. Во одредена смисла лицата што се невработени, лицата кои бараат работа, лицата кои користат социјална помош и придонеси по тој основ, ги доведуваат до работ на егзистенцијата и ја зголемуваат социјалната сигурност доведувајќи до црвената линија и преминување на црвената линија.

Тоа е, пред се, на лицата кои остануваат без работа, имаат право да остваруваат ваков надоместок паричен, пензиско и здравствено осигурување со 25 години пензиски стаж. Оваа Влада го измени законот и кажа дека лицата со 55

години и 15 пензиски стаж можат да го остваруваат тоа право.

Понатаму, Владата го укина критериумот врз основа на кој се прогласуваат технолошки вишок. Владата понатаму преземаше и низа мерки, што не би сакал да ги укажувам, да ги набројувам во овој период, сигурно ќе има и во понатамошната расправа, при буџетот и одредена информација што сигурно ќе дојде за социјалната положба и егзистенцијата во РМ.

Од друга страна многу е интересно што владејачката партија и коалицијата на владејачките партии, барем деновиве, кога се прави уште еден удар на сиромаштијата, тоа со покачување на цената на лебот, портпаролот на владејачката партија вели - да, ние сме народна партија, ние се грижиме за сиромаштијата и ние нема да дозволиме сиромаштијата и понатаму да осиромашува, односно ќе се бориме против сиромаштијата со сите законски нормативи, особено против поскапувањето на лебот. Знаете, таа порака и тоа известување на портпаролот на владејачката партија се однесува како да кажува на некоја влада "Тунгузија" како да не се однесува за Македонија, како да не е младешка партија, како да не е премиерот и претседател на владејачката партија, како да се однесува за некоја друга држава.

Видете, многу е јасно и конкретно. Сите овие мерки и ова закинување од сиромаштијата го спроведува владејачката партија. Таа ги презема овие мерки. Инаку, владејачката партија може да преземе мерки во сите сфери , па и во сферата на заштита граѓаните во РМ со покажување на цената на лебот. Оваа Влада пред два месеци ги либерализира цените на лебот, на житото , односно на брашното. Врз основа на таа либерализација се покачија и производителите ги усогласуваат заради своите трошоци. Владата, согласно своите акти може да ги субвенционира и брашното и лебот и да не дозволи поскапување на лебот и производителите да ја имаат својата економска цена.

Точно е дека ако се чита Програмата на владејачката партија, таа е народна партија и таму многу добро е кажано за што се залага. Додека, во праксата , морам да кажам, дека се спроведува една крајно десно ориентирана политика, практицира во сферата на социјаланта заштита. Во дадениов момент и со овој закон се оди до една крајност, една крајна крајност, бидејќи со новата коалиција многу ме потсетува наместо на народна партија, на една демохирстијанска партија која е зачинета сега со шмекот на либералната партија.

Сметам дека , до колку се продолжи вака ќе дојдеме до црвената линија на работ на егзистенцијата на граѓаните на РМ. И, што е уште поинтересно, за сите овие и понатаму и Владата и пратениците во овој Парламент велат - да, точно за она за што зборував претходно, за лебот, крива е Владата на СДСМ, владеењето на СДСМ затоа што лебот не поскапел од 1995 година. Сега, можете да зборувате, но Владата на СДС го заштитуваше граѓанинот, особено преку тој артикл. Владата на СДС во оваа сфера,согласно Законот за ПИО што го измени оваа коалиција, имаше подобри услови за пензионирање на граѓаните. Владата ва СДС имаше повисоки надоместоци за користење на социјална помош, имаше подобри услови и не смееше никој во РМ да отпушти без критериуми.

Сега, врз основа на сите овие нормативни акти, оваа Влада спроведува политика - крајно рестриктивна политика.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ**: (Продолжение)

Ве повикувам да се поддржат овие амандмани бидејќи се однесуваат на овој дел и на оваа област за која зборувам, особено на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ зборував и во претходната расправа пред новогодишните празници, да се прочитаат програмите на ВМРО-ДПМНЕ особено од пратениците кои одеа меѓу народот, му ветуваа повисоки плати, пензии, надоместоци, повисоки придонеси и повисоки пензии. Затоа сметам дека ова е крајно рестриктивно и не би требало да се поддржи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас нека да ги поддржам овие амандмани кои се поднесени, а еден од предлагачите мислам дека е и господинот Гештаковски. Имам неколку причини за тоа.

Меѓутоа, овде многу ме поттикна дискусијата и по амандманите водиме таква расправа, меѓутоа, некои работи беа кажани за партија во духот на оваа расправа и би сакал да ги демантирам.

Имено, стана збор за зголемувањето на цените на лебот, јас ќе укажам на македонската јавност како и на моите колеги, еве штом колегата Гештаковски, воедно и да прашам дали од пекарско мелничката индустрија компаниите и фирмите што во овој момент го произведува лебот се акционерски друштва или не се акционерски друштва акционерски друштва. Кога се приватизирани тие? Сега или уште на СДСМ? Кои луѓе се менаџери и главни луѓе на тие фирми од пекарско-мелничката индустрија, дали сега се поставени или уште од времето на СДСМ. Значи тие работи би сакал да бидат јасни и ако може да се разјаснат. Поточно, одговорите се јасни, се знае дека тие луѓе на времето уште кога се одеше по масовна приватизација според теркот на СДСМ се наместени, наместивте луѓе и фирмите ги приватизиравте во акционерски друштва и сега тие ја водат мелничко-пекарската индустрија. Значи не треба вината да се фрла на нас, бидејќи сега сте опозиција ќе ја обвинувате позицијата. Свртете се и кон вашите менаџери таму, разговарајте со нив и видете и прашајте колку пати разговараат со министерот за земјоделство,

шумарство и водостопанство во врска со субвенциите.

Второ, беше кажано дека ВМРО-ДПМНЕ отстапува од програмските определби на народна партија, притоа беше кажано дека тоа е класична демохристијанска партија. На европско тло демохристијанските партии и народните партии практично се една групација на партии и во Советот на Европа и во Европскиот парламент тоа се европски народни партии - демохристијани. Тоа е само заради јавноста во однос на таа распределба на идеологијата на оваа партија на која припаѓам.

Исто така, многу често се вика видете ја програмата на ВМРО-ДПМНЕ од 1998 година. Навистина треба да ја видиме. Сега да кажам една работа дали воопшто можеме да ја видиме програмата на СДСМ, дали некој се сеќава на тоа дека постои таква програма, дали постои таква програма на СДСМ од 1998 година. Тоа е друга работа. Меѓутоа, ако навистина сакаме да ја видиме програмата на ВМРО-ДПМНЕ, една од работите за која се залагаат партиите десно од центарот е стимулација на приватната иницијатива и една од работите е намалување на даноците. Можеби тоа не го направивме, меѓутоа, сега ќе го направиме. Една од мерките е и ова што е за поттик, за растоварување на стопанството и овие закони што ги донесуваме. На крајот на краиштата, ако веќе се повикувате на програмата на ВМРО-ДПМНЕ, на Демохристијанската - централно десничарка идеологија, таа идеологија како една од основните работи на ниво на Европа има да ги намалува даноците за да го стимулира стопанството. Таа работа ќе ја оствариме. Со овие закони што ги предлагаме сега практично правиме растоварување на стопанството.

(Во меѓувреме претседателот Стојан Андов, излезе од салата а со седницата продолжи да раководи потпретседателот Томислав Стојановски)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јави господинот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Морам да се јавам повторно за збор, со колегата Данило Глигоровски не за да реплицирам, туку за да размениме мислев и во таа смисла го сфаќам и неговото искажување.

Господине Глигоровски, никаква врска нема кој приватизирал, како приватизирал во пекарската индустрија во "Жито Лукс" или во сите други фирми во Република Македонија. Ако некаде постои пазар, ако функционира пазарот и пазарните елементи, ако некаде постојат цели приватни пекари и цели претпријатија, свесни сме дека во Скопје има синџир на приватни претпријатија и тоа во оваа сфера без никакви ограничувања и пречки. Се работи за нешто друго што сакам да го кажам и што треба да го сфатите и разберете. Имено, додека беше на власт СДСМ цената на лебот и бараното беше под државна контрола, што е согласно уставните и законските права на една влада да го штити стандардот на граѓаните. Оваа влада, пред два месеци, ја укина таа одлука. Цената на лебот, врз основа на откупната цена на житото и брашното чини повеќе, но не може во едно пазарно стопанство Владата односно акционерските друштва да работат со загуба. Тие се ориентираат според пазарот. Тие функционираат или ако работат со загуба ќе престанат. Владата има механизми и инструменти да ја замрзне цената согласно своите овластувања и на производителите, државни акционерски или приватни, да го субвенционира брашното и лебот. Тоа е мерка бидејќи имаме суфицит од 400 милиони марки, имаме буџет, имаме приходи што е добро и треба, доколку оцени од укажувањата на граѓаните, ако сите укажуваат дека цената на лебот ќе ја премине таа црвена линија, Владата треба да интервенира. Како што гледам сега, се договараат и преговараат со надлежните асоцијации, Стопанската комора, Одборот во тој дел и други. Нема никаква дилема, Владата спроведува една политика во која не сака да интервенира и таа политика е она што го зборувам јас во делот на - не би рекол десничарска но демохристијанска политика зачинета со либерална. Програмата на ВМРО-ДПМНЕ да ја отворам и да го прочитам делот што се однесува на оваа сфера. Тоа што го кажав тоа е точно, но дефакто не се спроведува. Со сите овие мерки и на вас ви е јасно. Не можеме да кажеме во идната расправа и на седницата што ќе се одржи на 24 јануари дека не е добро намалувањето на персоналниот данок. Сега личниот доход во Собранието, сите земавме плата, ние плаќаме 27% а сега ќе плаќаме 15%. Не можам да кажам дека не е добро што се менува данокот на добивка, не можеме да кажеме дека не е добро што се менува и се намалува, но има еден друг проблем на кој сакам барем на Вас да ви укажам. Честопати во тој дел што сакате да го префрлите на политичка основа на СДСМ дека нема програма, СДСМ спроведуваше таква политика. Се она што е предложено, за разлика од некои други елементи од социјалната сфера е рестриктивно. Точно, рестриктивно е и на тоа укажувавме, укажувавме и при реформите на пензискиот систем Честопати овие денови, а кога ќе зборуваме подоцна ќе видите и за реформите со овие закони што е направено, сигурно ќе се согласите, ниту имаат координација, ниту регулација, потполн хаос. Ниеден вработен од вкупно сто илјади не знае што се случува. Под кои услови ќе зборувам подоцна за тоа. Што се случува сега сакам на вас да ви кажам како експониран член на таа партија. Се јавуваат голем број на граѓани да речеме симпатизери или членови на СДСМ. Тие поставуваат едно прашање и велат. Вие често на оваа тема, особено од социјалната сфера, на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ им укажувате дека одредени решенија не се во интерес на граѓаните, но велат

изгледа тие не разбираат. Не, им велам јас, тоа морам да ви го кажам, пратениците од ВМРО-ДПМНЕ многу добро разбираат какви закони гласаат во оваа сфера за граѓаните, бидејќи тие се тие што оделе по села и градови и им ветувале. Зошто не ги гласаат, тоа е нивен проблем. Тие треба да ја сфатат и владината политика, дали се краткорочни мерки или вие најавувате некои долгорочни мерки или се подготвувате пред изборите да направите бум тоа е друго. Но јас морам да ви укажам дека првите две години поминаа Повелете, во оваа сфера коментирајте за аргументите на Владата на Бранко Црвенковски и на Владата на Љубчо Георгиевски.

Десничарска или демохристијанска идеологија - господине Глигоровски, со овие закони, а особено со овој закон, а амандманите на него вие не ги поддржувате, пак е битно, многу е битно дека Министерството видело дека има пари да се заштедат, Министерството за труд како надлежно министерство не реагирало, потполно го сфаќам министерот со сето негово разбираше, со сета негова одбрана што е но се работи само за заштеда од фискален аспект, од финансиски аспект а не од суштински аспект. Се зема од крајно сиромашните. Јас кажав дека вработените од државната администрација се во некоја положба, работат, земаат ниски плати и сега се плашат дека ќе ја изгубат работата што е човечки. Сите тие сакаат да им бидат јасни одредбите, бидејќи од тоа остваруваат егзистенција, за да можат да ги школуваат своите деца и да ги остваруваат своите планови, да остваруваат свои идеи. Овде се работи за најсиромашната категорија, луѓе кои не се во работен однос. Морам да кажам дека многу е жално и смешно да се кажува, ако на овие лица им плаќаме придонеси помали за пензиско осигурување - замислете, сите имаме и пријатели кои седат дома, а со придонесот за пензиско инвалидско осигурување, кога ќе земеле повисока пензија ќе се растрчале ќе барале работа,ќе се вработеле и слично. Мислам дека се зема од сиромашните, а нема никаква логика каде се дава. Никаква логика за 6 милиони марки каде ќе се дадат во буџет од две милијарди марки, само централниот буџет. Ви кажувам дека нема никаква логика овој закон. Ви кажувам дека нема логика, ако сакате сфатете ако не сакате не сфаќајте и затоа ве повикувам да ги поддржите амандманите и овој закон да не влезе во правна сила.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван потпретседателе, почитуван министер, почитувани дами и господа пратеници, јас ќе зборувам како социјалдемократ во однос на измените и дополнувањата на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Сметам дека моментот во кој што живееме, а тоа е речиси 10 години од нашето посткомунистичко живеење е период кога социјалниот импулс се повеќе доаѓа во преден план, дека живееме во општество чии морални вредности се донесени под голем знак на прашање. Пототалитарниот блуз е присутен насекаде на Балканот и тука во Македонија. Еуфоријата од падот на комунизмот пред десет години се сведе на разочарување. Промените од 1998 година исто така, две години подоцна, претставуваат големо разочарување за популацијата во Македонија, има и субјективни и објективни причини за тоа. Можеби ни остануваат понекогаш мали утехи. На Запад луѓето се плашат од луди крави, овде ние се плашиме од радиоактивни крави. Власта излезе со една опција за декомунизација односно за отстранување на сите кои биле клучни елементи во системот на нашата држава, проблем кој беше елабориран и во другите слични општества, нормално пред нас, особено во Чешка, Словачка и Унгарија, меѓутоа, тој процес по кратките неуспешни искуства престана. Ако комунизмот како идеологија е мртво, методите од стилот болшевички антиболшевизам се уште се присутни во нашата реалност.

Со оглед дека ние живееме во една мирна транзиција, во рамките на овој економски и социјален хаос, секогаш се бара резервниот виновник за неуспехот, секогаш оној од претходната власт или претходниот административец кој што наводно работел за оваа или онаа власт. Дали сте се запрашале и ќе се запрашаме еден ден до кога така ќе размислуваме. Ние сме балканци и методот на политичка инструментализација кога ни недостасуваат други идеи е мошне присутен, или поедноставно да се искажам, целта ни е да го сочуваме поблискиот, мислам на работа, оној кој е главно од нашата партија односно ни е брат, сестра, син, братучед итн, а ќе го жртвуваме оној што е од ривалската партија. Тоа е еден систем на размислување кој мора да се надмине. Притоа, се поставува едно прашање не е битен квалитетот, битна е лојалноста, или барем ако му верувам во таа лојалност. Луѓето почнаа да се сведуваат на бројки, не е битна индивидуата, иако како што знаете во 1989 година, Европа живее, барем посткомунистичка Европа во едно индивидуалистичко општество, битна е партијата, не е битен поединецот. Рефрен кој беше присутен во некои претходни времиња. Напротив битна е индивидуата, битни сме сите ние. Оној кој што сака да владее и во оваа држава ќе мора индивидуата да ја респектира со целокупните нејзини способности. Треба еднаш да се каже? Неспособните стој, способните напред, независно од нивната политичка опција.

Затоа, и овој закон кој што мириса на тоа, мислам дека од овие луѓе што ќе заминат дали на сила, дали со закана или на друг начин или се уплашиле за нивното работно место, предлагам да се изврши сондажа до која политичка партија се мисли, дали со фактот што биле блиски на една или друга опција ние не ги казнуваме некои луѓе, а кои се способни.

Тука се доближуваме до еден друг проблем, прашањето на социјалната правда кое што беше дел на мала полемика меѓу двајцата колеги. Точно е, постои разлика меѓу левата и десната опција, барем теориски, во однос на социјалната проблематика. Ќе ви ја кажам на најпрост начин. Еве еден пример. Велат дека во еден од зимските скијачки центри дневната карта за превоз скокнала пет пати, десет пати. Младите луѓе кои што обично одеа да поминат еден ден практично мораа да потрошат три пати или четири пати повеќе пари, за да поминат еден ден.

**НАНО РУЖИН**:(продолжение)

Тоа е малку десничарско, затоа што не се гледа општото здравје на популацијата, туку се гледа повеќе комерцијалниот аспект или профит. Дали ние мислиме тесно, дали мислиме на тесните интереси или пак сме заинтересирани за целата популација, за младите. Не мора само да сте социјалдемократ за да ја браните идејата на социјалната политика, меѓутоа дали оваа власт е способна да изнајде механизам да ги неутрализира негативните консеквенции од пазарното стопанство. Јас мислам дека досега таа не покажа такво разбирање, бидејќи сите знаеме дека и заминувањето во пензија, дали е предвремено, дали е со плаќање, дали е на било кој начин покрај економскиот е и еден морален чин. Велат дека стареењето почнува со самото раѓање на човекот, меѓутоа овие луѓе кои што ќе заминат, ќе заминат премлади, ќе заминат со многу емоции, со многу горчина, со многу незадоволство, па дури некој веројатно и ќе оболи. Тука се зборува за некои многу огромни средства кои што Владата ги остварила минатиот период, мислам дека можеше да се одработи порационално, можеби поморално, со поголемо разбирање. Знам дека меѓународните институции наметнуваат некои императиви на однесување на власта, меѓутоа сепак ние не мораме тие механички да ги прифаќаме. Можевме да изнајдеме одредени механизми за негативниот фидбек од предвременото пензионирање колку толку да биде неутрализиран. Можеби одредени средства кои што би се префрлиле во одреден индивидуален сектор, до професионализација итн. би можеле да помогнат овие луѓе да заминат на еден достоинствен начин и сепак да го дочекаат оној период кога тие навистина ќе заминат во пензија.

Впрочем ние социјалдемократите секогаш, барем во историјата и денеска сметаме дека прашањето на социјалната правда, на солидарноста се водечки идеи на идеологијата на социјалдемократската идеологија и според тоа мислиме дека не се исцрпени сите решенија. Затоа почитувани колеги, пријатели јас исто така, независно од мојот моментален статус ќе гласам за амандманот кој што е предложен од страна на се уште мојата пратеничка група.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Има збор г-ѓа Марика Јорданова.

**МАРИКА ЈОРДАНОВА**:

Почитуван потпретседателе, почитуван министер и почитувани пратеници,

Не ќе земев збор ако не ги слушнев претходните дискусии во кои видов дека по однос на дискусија на еден амандман кој што се однесува на Законот за пензиско и инвалидско осигурување тргнаа дискусии во смисла на леви и десни партии, во смисла на леви и десни програми на партии. Јас мислам дека во овој законодавен дом и пред нас стојат закони кои што се во интерес на државата, а со тоа и на граѓаните ако вистински суштински и длабоко можеме да сфатиме што значи тој интерес на државата како интерес на сите граѓани. Презентирањето на леви и десни програми всушност не отстранува од онаа цел која што ние како пратеници треба да ја исполнуваме односно ќе не одведе можеби лево или десно, зависи со своите дискусии кој ќе биде на вилици појак за да го усмери гласањето лево или десно, меѓутоа секако ќе отстраниме од главниот пат по кој се стреми нашата држава, а тоа е се повеќе да се приближиме во рамките на вредносните критериуми законодавството, регулативите во големото евроатланско семејство. Ако ние одиме лево или десно значи ќе се изгубиме на тој пат.

Слушајќи ја дискусијата на г. Гештаковски не знам дали се најдов во некоја комисија за хуманитарни или социјални прашања, или се најдов пред еден амандман во собраниска сала. Го разбирам хуманитарниот аспект, го разбирам и социјалниот аспект, меѓутоа уште повеќе над се го разбирам државниот аспект односно каде одиме и што сакаме. Ако еднаш не мрднеме од мртвата точка и постојано правиме некоја политика и некои закони со што ќе ги замачкуваме очите на граѓаните божем мислиме во нивни интерес од хуманитарен и социјален аспект не знам кога ќе стигнеме каде што сме тргнале и дали воопшто можеме да се движиме напред. Не станува збор за закони кои би ги оштетиле граѓаните, мислам дотичниот амандман. Површно погледнато навистина има некои рестриктивни моменти, меѓутоа, ако во суштина ги погледнеме тие рестриктивни моменти се губат пред фактот на одредени закони од предходниот период, за кои што зборуваше г. Гештаковски и правеше паралела некоја, што јас немам намера да правам, меѓутоа морам да одговорам со оглед на она што е во пракса и во секојдневие во овој момент во нашата држава.

Имено, станува збор за основицата на плаќање на придонесите према Фондот за ПИО, кој во изминатиот период биле на повисока основица, а сега со овој амандман, со новиот закон ќе биде со помала основица па со тоа граѓаните односно оние работници кои што ќе се најдат на списокот пред Бирото за

вработување ќе бидат оштетени. Имено, нивната основица, за пензиско и инвалидско осигурување ќе биде со помала основа. Не е суштината во основицата, туку суштината е во примената на основицата. Во практикувањето на одреден закон она што се случуваше во претходниот период доведе многу граѓани, многу работници кои што работеле цел животен век, меѓутоа оние што не го почитувале законот, г. Гештаковски зборуваше убаво за убав закон на убава основица, меѓутоа, примената не била така према граѓаните.

Имено, доприносите према Фондот за ПИО се плаќале на многу пониска основа отколку што е реалната плата, заработувачка на вработениот, така што добар дел на пензионерите кои остварија во овој период право на пензија со право се бунеа зошто помала пензија добиваат во однос на нивната заработувачка односно личен доход што го имале како вработени. Тоа е заради тоа што доприносите биле плаќани на помала основица. Значи, независно од законот доприносите биле плаќани така како што биле плаќани. И што е уште посурово према вработените секојдневно се наоѓаат големи групи на вработени кои во овој момент ги исполнуваат сите права за пензиско осигурување по однос на стаж и години на старост и истото право не можат да го реализираат заради тоа што директорите на фирмите во изминатите три или пет години наназад не го плаќале доприносите спрема ПИО, па според Законот за ПИО всушност тие работници имаат помалку три или пет години стаж и заради тоа не можат да ја остварат својата пензија односно своето право на пензија, што е крајно обесхрабрувачко. Значи, ако навлегуваме во такви моменти, немам намера да дискутирам, меѓутоа во однос на амандманот што е, на основицата која што ќе биде пониска ако гледаме и од социјален и хуманитарен аспект е многу подобар однос во однос на досегашниот закон со кој што оние работници кои што одеа под стечај или го губеа правото на работа одеа под Бирото за вработување, меѓутоа на период од две години. После тие две години тие останувaa надвор од сите сфери на општеството без право на здравствено осигурување, без никаков материјален надоместок. Значи, тоа беше многу посурово во однос на предлогот на овој закон за пензиско и инвалидско осигурување, со кој колку толку се овозможува на сите оние граѓани, оние работници што ќе се најдат на списокот во Бирото за вработување се до исполнување на нивното право за пензија, односно се додека не дојдат до матичната книга на евиденција во Фондот за ПИО да примаат пензија ќе примаат некаков, каков таков надоместок што е многу поисправно и коректно затоа што се однесува за сите граѓани, за сите работници, а не за одредена група.

Многу е битно како се применува законот и правото, а не како е пишано. Ако тоа се применува, па и во мала сума, но се применува така како што е пишано тогаш сепак ќе имаат некоја сатисфакција, некој материјален надоместок, сите тие граѓани кои што ќе се најдат на списокот под Бирото за вработување.

Меѓутоа, овде станува збор и за една друга политика, што не е лева или десна политика, туку политика на државата и интерес на државата, а со тоа и интерес на сите граѓани. Станува збор дали ние сакаме да градиме социјална држава односно да стимулираме безработица со добар надоместок или сакам да го стимулираме трудот, иницијативата, креативноста на граѓаните, само иницијативата во создавањето на работните места, бидејќи ние добро знаеме, тука влијае и еден психолошки момент дека потребата го тера човека да создава, да се труди, да мисли и да направи нешто. Таа потреба да биде поголема од материјалната ја нема. Кога материјалниот надоместок е мал добар дел од оние способни, вредни луѓе, кои што без оглед на своето образование, на својата професија можат да се најдат во некое место на општеството со својата самоиницијатива, креативност и желба за работа тие ќе го најдат. Тука се и оние безброј кредити и можности на кои што работи државата во смисла на симулирање на развој на малото и средно стопанство. Така да, ние одиме во едни димензии, поквалитативни, пореални кои што го стимулираат квалитетот, вредноста, трудот пред се, а не она што треба да значи некоја Социјалата ќе биде задоволена тогаш кога тој дел кој што се наоѓа на трудот, на вредноста, на работата всушност ќе се наголеми затоа што е изворот од каде што ќе доаѓаат и средствата од другиот дел кон оној \дјл свои лични неможности, или немање соодветни квалитети или не може да се најде во оној дел кој што ќе твори и ќе ја влече и самиот себе. Значи, станува збор за една државна политика I *т* 1шалитетна, која што е во рамките на европско ниво кон кое што се и кон кое треба да се стремиме и ние. Значи, станува збор за леб пред некој месец бев во Ирска и таму имав можност да го видам нивото на стандардот на таа земја, во јужна Ирска, која што е една од земјите со најразвиен стандард, чии што цени се поскапи за три пати поскапи од Лондон и од Англија и земја која што само пред 60-70 години била во тешка економска криза, многу потешка од она што ние го викаме овде во Македонија криза, затоа што таму во тој момент немало ни леб, туку ја викале година на компирите, затоа што граѓаните јаделе само компири. Меѓутоа, во моментот кога тие решиле да се приклучат кон Европската унија, тие го направиле оној чекор што нас ни е многу полесно од овој стадиум на развој, во кој што ние се наоѓаме да го направиме, односно тргнале во технолошки развој, тргнале во едукација,

тргнале во компјутери, интернет и за само 70 години во степенот во кој што биле тогаш тие се една од најразвијните земји. Ние не се наоѓаме во таква криза, ни треба малку, но она што се наоѓа во нас како човечки фактор, да престанеме да мислиме на лево и десно, туку да мислиме што е добро во овој момент за државата. За државата не е добро да се додворуваме мислејќи на социјални и хуманитарни аспекти. Социјално хуманитарниот аспект и вистински социјална држава е онаа држава која економски е најјака, затоа што има вистинска грижа према социјалните случаи. Не онака како што ние можеме да пружиме овде и да зборуваме во овие цифри, туку онаква каква што е достојна за нормално живеење. Ние како држава се стремиме кон таков развој и затоа господа пратеници нема да го поддржам тој амандман. Напротив ќе го поддржам закон за измените во пензиското и инвалидското осигурување и им пожелувам и на граѓаните без страв од она што се вели предвремено одење во пензија, зошто сепак има и бенефиции и отпратнина од 24; 36 плати, 12 плати, кои што сепак претставуваат еден материјален подем за оние креативните кои што ќе можат со нешто да стартуваат, се разбира и со добра желба и визија на проекти, во кои што и државата 6и помогнала. Целта е да имаме што повеќе вработени. Целта е сите да бидеме развиени, сите да можеме да работиме, затоа што тогаш ќе бидеме сите и поздрави и психички поздрави. Неработењето го уништува човекот. Ако се трудиме сите да работиме тогаш ќе биде нешто од нас. Место за политика не е на оваа говорница. Местото на борбата меѓу партиите не треба да биде меѓу партиите. Таму, во Ирска, каде што бев, знаат и почитуваните господа пратеници од другите партии кои што бевме делегација, станува збор за квалитетна личност без оглед од која партија е. Значи, ние од овој момент треба да се бориме не овде. таму меѓу граѓаните во нашите населени места. Во нашите градови, села, месни комитети, да контактираме со нив, да се научиме да ги слушаме. И не само да ги слушаме и да зборуваме, туку да работиме нешто конкретно за нив. Тогаш ќе имаме квалитет и тогаш ќе имаме квалитетни луѓе овде. Тогаш државата ќе биде на повисоко ниво.

Затоа почитувани пратеници да работиме таму надвор, а политиката да ја оставиме таму. Овде да носиме закони кои што се во интерес, глобален, не само за некој закон за ПИО, секој закон е поврзан со другите закони и со другите сфери од живеењето и тие претставуваат еден комплекс кон една единствена тоа само така да ги гледаме законите. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

За збор се јави г. Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, Немав некоја намера да дискутирам, меѓутоа од дискусијата на колегите Гештаковски и Нано Ружин добив мала инспирација. Всушност кај мене се осети една мала несигурност по однос на овој закон. Почитувајќи го г. Нано Ружин како професор по социологија а со оглед дека јас сум правник г. Ружин, полагав социологија прва година и морам да Ви кажам дека добив едвај шестка, значи не сум бил некој добар социолог, меѓутоа денеска се потврди дека или јас слабо ја разбирам социологијата, или некои работи како професор треба да ми ги дообјасните.

Залагањето дека Вие како социјалдемократ преку вашата претходна партија и сегашна сте се ангажирале, односно сте работеле за поширокиот слој на нас и фактички заложбата на социјалдемократите е да се гледа правото односно доброто на пошироката маса на народот, за разлика од ние како десно ориентирани партии кои што го гледаме потесниот слој, или оној слој кој што е многу близок до профитот. Мене тоа ми стана некако нејасно. Точно е дека СДСМ во свое време навистина го гледаше поширокиот слој на масите, меѓутоа како. Правеше реформи и доста широк слој на маси отпушти од работа, донесе Закон за приватизација, донесе Закон за стечај, донесе социјална помош, паричен надоместок, навистина една широка лепеза и сите, г. Гештаковски му дадовте по една паричка кој не само лебот, овој поскапениот туку и тој евтиниот не можат да го купат. Фактички тоа е интересот на пошироката маса.

Од друга страна, во ваше време г. Ружин се створираслојувањето на народот. Во ваше време створивте маса поширока сиромашни, а една потесна, побогати. Тоа ли е социјалдемократскиот статус за кој што се залагате. Да беше ВМРО како десна партија ќе беше логично, но обратно испаѓа. Затоа не ми е јасно па како професор по социологија можеби на таа тема да ми одговорите.

Инаку, не се согласувам со она што г. Гештаковски го кажа, бидејќи очигледно кога излегуваме на оваа говорница продаваме ништо друго освен лицемерие.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ**: (продолжение)

Искрено да ви кажам г. Гештаковски повеќе очекував да земете дискусија кога беше мојот амандман на дневен ред, меѓутоа, немавте храброст ниту вие, ни вашите колеги апсолутно да влезете во салата, иако пред Нова Година односно претходната година го искористивте г. Ило Илоски, кој нема блага врска со право да дискутира на тема од право. А, вие како стручњак можевте искрено да дискутирате на таа тема.

Инаку г. Ружин онолку колку што јас разбирам социологија, ако оваа Влада не

водела сметка за социјалниот статус на повеќе широката маса, немало потреба да се носат измените на овој закон. Ние донесовме Закон за работни односи, каде што по потреба на работодавачот, можеме слободно да ги отпуштиме работниците и да не им даваме никакви права. Оваа измена овозможува на одредена категорија на луѓе кои што исполнуваат услови 3 години помалку од работниот однос или 5 години, доколку се усвои, да можат да користат право на пензија во висина како да се пензионирани со полн стаж. Е, сега, ова ли е десно ориентирано или е лево ориентирано. Ова е социјал-демократско размислување или некое ултра-десничко или демохристијанско или не знам какво. Во секој случај подобро ќе беше да водевте грижа во она време кога некој со три мандати се отпушташе маса народ, да се водеше грижа за тој народ да не се отпушти од работа. Да немаме потреба да му даваме парични надоместоци по 3.000 или 2.000 денари за да не мора сега, а сега пак лицемерно од друга страна помала ќе биде основицата за пензија и тие категории на луѓе ќе се доведат во ситуација да не можат да го купат поскапиот леб. А ние бевме кој го државме лебот евтин. Па, бевте тие кој го државте лебот евтин, затоа што ќе им правевте на 300.000 невработени, мораше на некој начин да го држите социјалниот мир.

Инаку, токму кажа колешката пред мене дека заложба и разликата помеѓу вас и нас е во тоа што ние проблемот не го гледаме во социјални структури односно давање на народот по некоја социјална помош или паричен надоместок со кој нема ни пристоен живот да води. Туку, обратно, ние развојот го гледаме во смисла на тоа поголемо вработување, активирање на стопанството по пат на вработување да се дојде до пристоен живот, а не по пат на некакви социјални помошта или вакво или онаква основица. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Збор има Нано Ружин, бидејќи се јави за реплика, веројатно сега ќе го искористи и ова дополнително поставено прашање дали ќе го има за реплика или одговор.

**НАНО РУЖИН:**

Господине Караџоски, прво, јас предавам социјална политика, не социологија, социологија предава г. Мирчев. Така што, ова прашање е во доменот на социјалната политика, а не на социологија и се гледа дека вие не сте го учеле овој предмет, туку сте полагале социологија.

Инаку, за ваше информирање, вие не можете процесите да ги гледате во 1995 г. било вака, во 2000 г. било инаку, тоа се процеси. Македонија во 1995 и Македонија во 2000 година се две различни држави во смисла на социјални, економски итн., трендови. Меѓутоа, за жал трендовите се многу непријатни. Вие рековте 300.000. Мислам дека 280 илјади беа невработени во времето на СДСМ, денеска се 400.000. Барем лебот да останеше на оваа цена. Многу непопуларен потег. Лебот е секаде симбол на храната, барем во овие простори. Инаку, исто за г. Јордановска во однос на тоа што вие рековте како ќе градиме социјална држава. Социјалната држава не се гради на овој начин. Социјалната држава значи дека ваков закон не би се донел доколку има социјална држава. Ние, според Уставот сме социјална држава, меѓутоа, во реалноста ние не сме социјална држава. Затоа што нашата социјална држава кога ќе постоеше таа е всушност наменета и насочена кон заштита на најсиромашните слоеви и затоа е измислена. Измислена е во времето на најголемиот капиталистички бум, за да од една страна не задоволството на народот и на работниците биде на одреден начин неутрализиран и од друга страна како резултат на одредени, во тогашно време утописки филозофии, цели итн., за да на сиромашниот му се помогне. Со оглед на тоа што пазарното стопанство или така наречениот диблиберализам нема чувство за праведност. Посиромашниот, понесреќниот или оној што не се снашол не може да успее во таков систем. Затоа се оди кон тоа на тие луѓе кои се посиромашни да им се помогне. Таа идеологија и идеологијата на социјалната држава произлезе од левицата. Затоа што, Синдикатот се појави како близок партнер на социјалистите или социјал-демократите таму кон средината на 19-от век. и почна процесот. И, што е најинтересно првите социјални закони ги донесе еден десничар Бизмарк, кој што не беше со некоја репутација на некој голем хуманист, после процесот продолжи со појавата на Лорд Беверич таму по Втората светска војна и се создаде социјалната држава или држава на благосостојба. Државата на благосостојба е многу тешко да се изгради. До пред десет години се сметаше, дури и некои земји членки на ЕУ немаат социјална држава. Што ние правиме како општество? Нашите амбиции на овој план се мошне мали, ние практично ништо не сме направиле бидејќи немаме ни економски ни социјални претпоставки сега да создаваме социјална држава.

Затоа, арно рековте не треба да се меше ни левицата ни десницата, треба некогаш, можеби во име и на некои утописки цели, во име на некои хумани социјални вредности да ги искажуваме нашите сочувства нашата солидарност со народот, да се направи нешто минимум. Бидејќи, функцијата на социјалната држава не е само тоа да дава пари и да дистрибуира пари. Имате пари и вие ги дистрибуирате, парите се јадат и нема никаков позитивен фидбек, никаква позитивна спрега. Требаше да се создадат во рамките на Владата или во рамките меѓу повеќето министерства

определени сегменти, определени институции, кои што со еден аналитички пристап ќе одеа во насока на побрза преадаптација на луѓето. Но, ние како општество бевме оптоварени и со други цели и со конституирањето на државата, со блокадите итн. Во секој случај социјалната проблематика останува заедники проблем и на опозицијата и на власта. Дури има претпоставки дека по тој проблем се менуваат и Владите. Не знам нема некое волшебно стапче кое што ќе ви овозможи ви9 одеднаш да станете богат, да најдете нафта итн., и да станете општествена благосостојба. Но, исто така како луѓе кои што се во политиката мораме да му дадеме на знаење на граѓанинот дека го гледаме како индивидуа. Впрочем, ние живеем9 во индивидуалистичко општество, општество создадено од индивидуи и таа индивидуа во овој миг е уплашена, разочарана, живее во стрес, дали и социјално ќе биде и маргинализирана. Затоа, мислам дека ќе помине оваа работа, сепак власта треба да се пренасочи кон поголемо неутрализирање на таквите случаи пак да не се повторува и нормално, убаво рековте со стопанството со една развиена економија, исто така да се унапредуваат, иако во светот постојат развиени економии кои немаат развиени држави. Значи, тука нема автоматизам. Меѓутоа, пак, има помалку развиени економии кои што имаат подобра социјална држава. Е, тука е онаа мала разлика, ако сакате, на идеологиите. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на г. Нано Ружин.

Дозволете г. Илија Илоски дали се јавува за реплика или за говор.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Се јавувам за реплика.

Почитувани колеги пратеници само сакам да му реплицирам на г. Караџоски на оние зборови што ги изрече овде на оваа говорница. Прво, кажа дека пред Нова Година во врска со неговиот поднесен амандман за остварување на привилегиите на пратениците и после завршувањето на пратеничкиот мандат дека јас сум бил искористен на оваа говорница сум немал благе везе така ме цитиравте, рековте од правото. Прво, сакам да ви кажам дека Илија Илоски во овие две години на оваа говорница никогаш не е искористен од никого. Секогаш кога излегува зборува слободоумно и она што го мисли го кажува од оваа говорница.

Второ, сакам да ви кажам дека, она што пред малку го спомнавте дека сте имале 6-ка по социологија, по некој случај да го познавав вашиот професор, сега ќе го повикав да преполагате кај него, инаку да ви ја искине дипломата. Затоа што, цело време се разговара за една тема од социјално право, а вие разговарате за социологија. Јас на економскиот факултет полагав социологија и знам што е предмет на социологијата и за ваша несреќа имав многу повисока оценка од таа што вие ја спомнавте, што сте ја добиле вие на Правниот факултет. А како дипломиран правник каде што има финансиско, менично, чековo облигационо право итн., 6и требало да знаете дека постои социјално право и дека ова што го расправаме денес влегува токму во тие рамки на социјално право.

Инаку, уште еднаш да ви кажам ако мислевте дека од некого сум бил изманипулирано, уште еднаш потврдувам дека вашиот амандман се граничеше со лудост во услови во кои се наоѓа Република Македонија во овие моменти.

Инаку, г. Караџовски за она што не прозивате нас, пратеничката група на СДСМ, слободно можете во огледало да се погледнете и вие да се препознаете бидејќи на вас пратениците од ВМРО-ДПМНЕ талентот за демагогија апсолутно никој во оваа држава никој не може да ви го оспори. И, ако нешто не може да ви оспори тоа е точно талентот за демагогија што го поседувате. За малку г. Јорданова и вие ќе не убедевте нас, а и целокупната македонска јавност дека македонскиот народ е посреќен кога плаќа повисока цена на бензините, е посреќен кога плаќа 60% повисока струја, е посреќен кога плаќа 60% повисоки телефонски импулси, е посреќен кога сега носите закон да ги избркате работниците од работа околу 5,6 илјади (реакција од еден пратеник на ВМРО-ДПМНЕ), па добро дозволете овде има говорница јавете се па, кажете ми. Значи со тој демагошки пристап сите ќе не убедите, се што ни е полошо дека ни се случува подобро. Затоа, ве молам рековме и се договоривме дека лични навреди нема да упатуваме на никого и затоа од денес ви забранувам да ми се обраќате лично дали јас познавам или не познавам право. А, бидејќи, не познавам доволно, колку што мислам дека треба да го познавам, на правните теми досега воопшто не сум се јавувал. А, јас сум биран пратеник, имам обврски спрема гласачкото тело кое што ме избрало во овој дом сега да говорам овде, и некогаш, иако бегам од онаа моја струка чисто како професија што ми е, можам да се обратам пред овој Парламент во име на оној народ што ме бирал, а истиот тој народ нека суди кој бил во право, кој бил во криво. Јас можам едно за заклучам дека вие преплашени од ситуацијата во која лично се наоѓате во Прилеп, бидејќи имав прилика неколку пати да престојувам таму и од статусот кој го уживате на пратеник избран од тоа гласачко тело, вие уште еднаш никогаш нема да добиете мандат со овие настапи што ги имате во македонскиот Парламент. Токму вашиот страв беше преточен низ одредбите на тој амандман што вие го поднесовте овде. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јавува Жарко Караџовски.

**ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:**

Почитувани пратеници, неколку работи расчиствме. Прво, колега Илоски, морам да се обратам како да ви кажам инаку без име и без презиме, јас не ве увредив ништо лично. Само, кажав дека бевте искористени и кажувате работа која нема блага врска со право. Не реков дека вие немате блага врска. Инаку, ако многу не разбирате од право, еве сами кажавте, сигурно знаете да го прочитате амандманот, кој се тие привилегии што амандманот ги дава на пратениците. Прочитајте го добро амандманот, не мешајте го со Законот з пратеници. Амандманот кажува три реченици и толку.

А, инаку, она што сега го зборувате дека во Прилеп ми било страв да се кандидирам итн., знаете што, со оглед на тоа што еве кажавте дека имам страв да се појавувам во Прилеп претходно со моите настапи тогаш јас ќе направам вака. Ќе ве предложам вас во Прилеп, вие кандидирајте се, со вашите настапи сигурно ќе бидете избрани. Прашање е како ќе поминете во Охрид. а за Прилеп да не зборуваме.

Не го гледам колегата Нано Ружин, очигледно е дека овие познавања кои што колегата Нано Ружин ги има, не успеал да ги допре до вас, а камо ли до нас како професор. Инаку, само во едно можам да се надоврзам, јас знам дека постоеше Социјалистичка држава, а благодарение на вас од Социјалистичка, точно ја трансформиравте во социјална држава.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

За реплика се јави г. Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Јас имам реплика од четири реченици или четири точки, кои генерално се однесуваат на дискусиите на г. Нано Ружин и на г. Гештаковски.

Прво, неколку пати беше спомнато поскапувањето на лебот. Поскапување на лебот е чист класичен потег на СДС.

Второ, по однос на човечкиот и хуманитарниот однос на демохристијанската идеологија, еве сега тука пожнавме да зборуваме, на некој начин многу често се злоупотребува зборот избркани. Ако биле избркани, тие ќе биле избркани на улица. Тоа не е точно. Или не сака да се прочита законот или се прочитал, арно ама не се кажува пред јавноста. Воопшто не станува збор ниту за бркање на улица, како што некој сака да каже, туку буквално овие мерки се социјални мерки, кои што оние на кои што ќе им престане работниот однос ќе земаат надомест за една, две години колку што им фали до пензионирањето и потоа имаат полна пензија. Практично, Владата им го откупува на некој начин тој стаж. Тоа е социјална мерка. Можеме сега да дискутираме дали чини таа социјална мерка или не чини. Но тоа е социјална мерка.

Трета работа на некој начин развивме дискусија дали била подобра идеологијата на центар десно, демохристијанската или на народните партии или социјал-демократскта идеологија. Јас сметам дека не може така да се дискутира. Практично, тоа е како да велите подобро е постојано да има ден или постојано ноќ. На некој начин во развиените демократски земји тие две опции наизменично се менуваат, меѓутоа, општествата таму напредуваат. Проблемот кај нас во Македонија сметам дека е социјал-демократскиот сојуз, воопшто не е партија што застапува социјал-демократска идеологија. Секој што смета дека Социјал-демократскиот сојуз застапува социјал-демократска идеологија, мислам дека е политички неук, затоа што се работи за класично застапување на социјалистичка идеологија со многу чести испади или флуктуации во популистичката или во комунистичката идеологија. Тоа е проблемот што во Македонија не постои класична социјал-демократска идеологија, со чесни исклучоци.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Четврта работа, навистина беа спомнати да речеме некои утописки цели кои што во било која идеологија треба да се застапени па макар и да не можат да се остварат. Така на пример вели, социјалната правда и сето тоа што го имаат зацртано социјалдемократските идеологии од типот на шведските демократи итн. или пак да речеме демохристијанската правда која што ја застапуваат овие десниве центар десно партиите, меѓутоа мислам дека токму поради тие причини нашата партија што е центар десно, што припаѓа на демохристијанската идеологија, една од тие цели на таквите партии за да го растерети стопанството, а така растеретено стопанството може да дише и да создава нови работни места е неговото растеретување. Растеретувањето го правиме со вакви мерки со кои што ако е растеретен буџетскиот дел, односно буџетарите, бројот на буџетарите се растеретуваат даноците и на тој начин се стимулира стопанството. Тоа е наша цел. Дали ќе ја постигнеме, еве ќе видиме сега за неколку дена ќе дојде и тој. Меѓутоа, ова е во склопот на тие мерки.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За реплика се јави пратеникот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, поскапувањето на лебот е потег на СДСМ, СДСМ го поскапи лебот за да му наштети на ВМРО-ДПМНЕ и на оваа Влада. Ако некој мисли така, во ред. Во ред, дали може некој така да мисли особено пратеникот Данило Глигоровски. Јасно е кој го поскапеа лебот, производителите и јасна е улогата на Владата. Морам да ви се заблагодарам ако тој помисли дека СДСМ е моќен

па ги презема овие потези, но немојте да се залажувате и никого не залажувајте, бидејќи никој не ви верува. Тука нема никаква дилема.

Господине Глигоровски ако се однесува на мене во тој дел, јас на самиот почеток кажав, овие амандмани немаат никаква врска и овој дел на расправата со другиот дел на реформата во јавната администрација, со Законот за работни односи, со Законот за државни службеници, со Законот за пензиско и инвалидско осигурување и со Одлуката за 24 плати. За тоа ќе зборувам дополнително и ќе го искажам мојот став. Вие влегувате во тоа, а тоа се однесува и на Караџоски и на Марика Јорданова. А за тоа ќе зборувам и по текстот на законот, ќе го кажам својот став и што се случува во тој дел. Тоа е сосема друг дел. Во оваа дискусија и на дискутантите од ВМРО се мешаат одредени работи. Ова е сосема различен дел во Законот за пензиско и инвалидско од реформата во јавната администрација. Што значи тоа ќе го кажам својот став и сигурно ќе полемизираме и ќе укажуваме што е добро од сите тие мерки, пакет на мерки, како се спроведува и што е лошо.

Бидејќи земав збор, да се изјаснам и во врска со тоа што ме прозиваа колегите, пред се на Жарко Караџоски. Ако не ти е јасно Жарко, јас не можам ништо да ти помогнам. Кажа и колегата Илоски, оди во изборната единица, она што им ветуваше дали е таква состојбата, ќе ти стане јасно. Во цела Македонија и сигурно и на пратениците им е јасно, тогаш ќе ти стане многу јасно каква е состојбата во оваа сфера и што треба да се прави. Немам повеќе коментар за тоа.

За Марика Јорданова, самата дискусија од функција на претседател на Управниот одбор на Фондот за ПИО зборува за нејзиниот однос и нејзиното залагање на овој дел. Јас и во својата дискусија не зборував за никакви демагогии, не зборувам за демагогии. Јас давам амандман во кој велам дека членовите, она што го кажав што се случува на сите оние кои користат парична помош и не користат се во Бирото кои досега и од сега ќе одат, се намалува придонесот, кратко и јасно. Со овој закон за Марика Јорданова, немојте да ја заваруваме и да ја донесуваме во заблуда јавноста, не се воведуваат никакви права ниту за здравствено, ниту за пензиско. Стекнатите права кај една категорија се намалуваат и кај одредени корисници, не кај сите. Тоа точно и јасно со факти треба да се каже. Тоа го нуди овој закон. И не е толку многу битен, но во склопот на целокупната дава рестриктивна политика.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор господинот пратеник Горѓи Котевски.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа, најпрво сакам да се изјаснам пред вас дека никого не сакам ниту да навредам, ниту да потценам со овие говори што ги изнесовте денес. Но, за оној курс што го одбра оваа Влада сакам нешто да истакнам што навистина особено за пратеникот мојот колега Нано Ружин ќе даде едно големо поттикнување за една поголема расправа, дури ако сака и за публицирање на една книга.

Во Шведска пред 150 години еден цар увидел, мудар цар увидел,бидејќи земјиштето во Шведска е на нулта ниво со морето, советувајќи со своите советници сакал да направи драстични реформи во земјишната политика. И после тие консултации бил тврдо убеден дека комасацијата таа реформа во земјишната политика ќе ја направи, но некои од советниците го прашале, дали можете тоа да го спроведете и како? Тој им кажал дека со декрет, со еден допис во цела Шведска на целиот народ ќе му каже дека секој мора земјата да ја даде да се комасира и тоа е најдобриот начин за опстанок на државата. Меѓутоа, тие му рекле: што со тие што нема да ја дадат земјата за да се комасира? Тој избрал еден метод и им кажал дека секој што нема да ја дава за комасација земјата, главата на трупец, ќе паѓаат глави. И навистина така направил. Но, и ден денес Шведска е еднаква, има најуредено комасирано земјиште иако е на нулта точка од морската површина. Не знам дали тој цар е многу славен во Шведска, не знам дали за тој цар се зборува во некои приказни во Шведска, не знам дали бил десно ориентиран, дали бил лево ориентиран, дали бил ВМРО-вец, дали бил комунист, или социјалдемократ, дали припаѓал на центарот. Но, едно знам, кога отидов во Шведска и посебно за тоа се интересирав, ми беше мерак да видам како со дренажа и како успешно тоа е направено со канали за да денес им позавидите, пред 150, 200 години што направил тој цар. Исто така, само за ваше размислување, или воопшто за наше размислување, за да излезе Русија на Балтичкото Море кралот Петар Велики направил една драстична мерка слична на овој шведски крал. Не знам исто така дали овој крал Петар е премногу славен, фален, но, денес Русија е таква каква што е излезена на Балтичко Море и на Зонското Море благодарение на неговите идеи и на неговите реформи. Исто така, сакам да ви кажам да размислите и вие почитувани новинари, еден голем реформатор во Турција направил големи реформи. И ден денес неговите слики стојат секаде, дури една стои и во спомен куќата во Битола во Музејот на Кемал Ататурк. Кога бил при крајот на животот го прашале: дали имавте некоја желба како реформатор што не ја исполнивте? Тој им рекол вака: се направив, само едно не успеав и не можев да го направам, да го решам курдското прашаше во Турција. И денес курдското прашање е останато во Турција како проблем број еден не само за Турција, туку и за Европа и за целиот свет. Од ова сакам да извлечете една поука и да сфатите малку и да не теоретизирате. Измислените бројки, измислените филозофии се во главите на луѓето. Животот сака практика и некои моменти што треба да ги направиме во државата, треба да ги направиме, дали на некого му се допаѓаат, или не. Јас лично

ќе гласам за овој амандман по мое убедување. Исто така, ќе гласам по мое убедување и за овие измени за законот. Ве молам, за трезвено размислување и да видите како се движат големите луѓе во светот и како ги носат позитивните промени.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Процедурално побара господинот пратеник Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван господине потпретседателе, сметам дека во салата нема основни деловнички услови за работа и сметам дека треба да бидат обезбедени. Навистина има мал број на пратеници во салата и мислам дека треба да работиме деловнички.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ги молам пратениците кои се надвор да влезат во салата за да можеме да работиме, а истовремено имаме пријавено за дискусија уште еден пратеник, па потоа ќе преминеме на гласаше.

Има збор господинот пратеник Мухамед Таири.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, зошто овој предлог-закон се обидува како позиција, или опозиција кога целта на овој закон е за тоа државата да има поефикасна администрација. На сите нас ни е познато дека ние имаме администрација од бившиот систем, а со осамостојувањето на државата ние треба да имаме администрација која ќе биде во интерес на граѓаните. Господа пратеници од опозицијата, ако одиме до крајности ние како позиција ја земавме оваа одговорност за реформи во државата од кои вие се плашевте, а ние свесни дека ќе имаме граѓани кои нема да бидат задоволни без оглед на политичката боја. Вакви реформи имало и во Словенија, а се покажаа успешни за граѓаните кои живеат во таа држава. Затоа ние треба овие реформи да ги имаме, за да одиме кон подобра иднина на граѓаните кои живеат во оваа држава. Затоа ги поддржувам сите закони кои се за подобра иднина на граѓаните на оваа држава. Сум против овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИШ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор министерот за труд и социјална политика господинот Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници јас за жал пак морам да го повторам тоа на јавна говорница одговорни луѓе и одговорни изјави. Меѓутоа, за жал се повторуваат истите невистини и можеби ќе дојдеме утре во една состојба граѓанинот да не му верува ниту на пратеникот, ниту на претставникот на Владата ако изнесуваме невистини од оваа говорница.

Прва голема невистина е 400 илјади невработени во Република Македонија. Според статистичките податоци таа бројка е 362 илјади, а ќе се намали драстично откако ќе се превземаат одредени мерки во однос на користеше на правото за социјална помош каде што со сегашната позитивна регулатива за да се користи социјална помош должен е секој работоспособен член на семејството да се пријавува во Бирото за вработување, да бара работа за да може да се користи социјална помош една за целото семејство. Исто така, таа бројка драстично ќе се намали откако ќе се превземаат одредени мерки во однос на обезбедуваше на здравствено осигурување, односно здравствена заштита на граѓаните во Република Македонија кои не се вработени. Јас не знам зошто некои си земаат за право да се додворуваат на државните службеници дека сите државни службеници се членови, или симпатизери на една партија. Ако е така, тогаш опозицијата, односно позицијата би требало да ги смета за членови симпатизери сите тие кои после реформите ќе останат на работа во државната администрација, а тоа не е случај. Не е точно дека со сите овие мерки сите овие закони под удар ќе бидат членовите на една, или друга партија. Јас за жал ќе морам уште еднаш да го повторам хуманиот аспект на овие закони бидејќи самата содржина, самите решенија имаат социјален,хуман аспект. Повторно ќе ја повторам одлуката на Владата за 24 плати која иако реков дека нема да се продолжи рокот, еве користам прилика да ја запознам јавноста, односно државните службеници дека тој рок е продолжен до 20 јануари оваа година. Значи сите тие кои ќе осетат дека навистина не се искористени и дека можат да останат без работа по донесување на новите систематизации, да го користат тоа право. Друг хуман аспект е 12 плати ако случајно не биде распореден на работно место, а со тоа ќе користи и надоместок за невработеност зависно од стажот кој го има. Третиот социјален аспект е, на сите тие кои по основ на исполнување на услов за пензија ќе остварат пензија и тоа ќе остварат полна пензија, не намалена за пет години затоа што порано одат во пензија, туку за тие пет години државата ќе ги уплати придонесите во Фондот за ПИО.

Овде се искористи можноста и приликата да се критикува Владата за поскапувањето на лебот и за други работи што не е прилика, меѓутоа, ќе морам да кажам, точно е дека државата во одредени случаи може да интервенира со одредени субвенции кај одредени производители на одредени производи. Меѓутоа, на оваа Влада не и се даде многу можност и прилика тоа да го направи. Рековте дека имаше подобри услови за пензии, заборавате дека вие ги укинавте за 8%. Сега ние бевме должни тие 8% да ги вратиме, а тоа не е мала пара, тоа се 220 милиони германски марки. Кога не би ја имале оваа обврска, најверојатно сега немаше да дојде до зголемување на цената на лебот. Со тие пари кои сега ги издвојуваме, а кога навремено би биле исплатени на тие пензионери, најверојатно Владата ќе ги користеше како субвенции на овие

производители и најверојатно немаше да биде зголемена цената на лебот. Така што немаме доволно можност и прилика да помагаме во оваа насока.

Но, да го земеме и другиот случај. Ако некој ќе губи, другиот нешто ќе добие. Најверојатно ќе добијат тие што произведуваат пченица. Сигурно ќе има и зголемување на цената на пченицата. Зборот ми е дека секој потез, секој предлог што го прави Владата секогаш го има во предвид и социјалниот аспект.

И на крајот да завршам, оваа земја ќе е социјална само поради фактот што тука постои Социјалдемократскиот сојуз. Социјална е пред се затоа што вака е предвидено со Уставот. И секоја Влада, секоја партија која ја води таа политика мора да го има во предвид овој аспект. Мислам дека токму оваа Влада пред се го има социјалниот аспект од еден голем и јак аргумент 25% од Буџетот на државата се трошат во Министерството за труд и социјална политика. Некој ќе рече дека јас сум најбогатиот министер. Меѓутоа, тоа е најлошото за една држава кога 1/4 од Буџетот се издвојуваат во труд и социјала, односно за обезбедување на социјалните права на граѓаните во Република Македонија.

Уште еднаш ги уверувам пратениците, но и целата јавност дека овие закони се во прилог на разрешување на енормно големиот број на вработени во државната администрација. За да почнеме да ги зголемуваме платите, мораме да ги направиме овие чекори. А тие што ќе останат без работа сигурно социјално ќе бидат обезбедени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Присутни се 65 пратеници, а гласале 60 од кои 16 за, 4 воздржани и 40 против.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Ве молам, некој не притиснал, има 65, ве молам, дајте одговорно да гласаме да не пребројуваме поединечно да гласаме. Молам да го повториме гласањето.

Од 67 присутни, 64 гласале од кои 16 "за", 5 "воздржани" и 43 против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на членовите 2 и 3, поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Господинот Гештаковски бара збор.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, многу ретко се користи приликата да се земе збор и да се зборува по текстот на законот. Но, бидејќи во дадениот случај се работи за еден пакет на закони, реформски закони, бидејќи во претходната дискусија по мојот амандман се кажа дека се однесува за сосема друг дел, јас би сакал во овој дел да направиме една слика и да видиме што е направено врз основа на целокупната расправа, врз основа на амандманскиот дел и да доставиме една појасна слика на граѓаните на Република Македонија, особено на државните службеници кои не се во мал број, околу 100.000, за да имаат одредена претстава.

Бидејќи врз основа на претходната расправа пред новогодишните празници, врз основа на оваа расправа, врз основа на одредени сознанија на теренот, имаме една некоординираност, неусогласеност, нејасност и неточност во мерките кои се земаат, кои се предлагаат, сигурно ќе се согласам и со министерот кој зборуваше пред ова во оваа тешка состојба на превработеност има одредени решенија кои сигурно треба да се применат, но по кој редослед и кои мерки. Особено во овој дел сакам да го избегнам, а потоа ќе кажам за делот кој се наметнува за сликата која е претставена и луѓето особено припадници на политичките партии во опозицијата кои се изложени на одреден притисок и кои во оваа реформа стваraат целосна слика за политизација при донесување на овие закони, а сигурно ќе видиме што ќе се случи по донесувањето на овие закони, сигурно, бидејќи сум убеден дека Парламентот односно парламентарното мнозинство ќе го донесе и овој закон за измена и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, како завршен дел на Пакетот за реформите во јавната администрација.

Овој Парламент како прв закон го донесе Законот за измена на Законот за работни односи. Воведена е енормно една категорија на престанок на работен однос кај сите корисници на Буџетот и сите институции и организации во Република Македонија формирани од Владата и од државата Република Македонија и воведе еден таканаречен нов институт -престанок на работен однос по потреба на службата, што покрај 5-те основи за престанок, ова е нов. Ваквото воведување на ваков институт спрема мене врши целосно дерогирање на работното законодавство во Република Македонија и е спротивно на меѓународното трудово право. Што се случува особено во овој закон кој не нуди времено престанување по потреба на Службата, туку во работното законодавство е инкорпориран како трајно решение. Што значи целосна зависност на државните службеници од директорите, од началниците, од министрите и сите генералните секретари и други називи кои ги имаме согласно Законот за државни службеници. Ваквото решение оди во тој степен, би можел дури да го вулгаризирам, секое

сабајле државниот службеник кога ќе влезе да го погледа старешината накриво, бидејќи ќе му престане работниот однос без никакво право ни на жалба, ни на приговор, на никакво реагирање, на никакви критериуми за престанок на работниот однос само со една единствена измена и дополна на систематизацијата, што значи со ваквата измена на работното законодавство правиме зависна државна администрација, политички зависна од владеачката партија која е моментално на власт. Што е уште полошо, со ваквото однесување и права на старешините на органите правиме непрофесионална јавна администрација, зависна, покорна и неефикасна, што многу тешко со ова решение ќе може да ги извршуваат задачите што претстојат и што е спротивно на она што сите се залагаме мала, ефикасна, стручна, деполитизирана. Ваквото решение го нуди ова и многу тешко таа администрација и државни службеници ќе можат да ги завршуваат работите кои се пред оваа Влада, кои се преземани пред Меѓународните институции да изготвуваат, да ги спроведуваат ратификуваните и донесените закони и да нуди хармонизирани односи во нашиот пат во Европа. Сметам дека е така со Законот за работни односи и морам д укажам во тој закон на оние на кои ќе им престане работниот однос по потреба на службата се нудат одредени бенефиции кои се во поголем обем од постоечкиот систем кај другите Делови или во стопанство или во нестопанство или во државни акционерски претпријатија.

Вториот елемент кој направи голема забуна и кој Не беше промовиран во потребниот момент, тоа е одлуката на Владата за исплата на 24 плати. Министерот кажа во расправата пред новогодишните празници, јас го замолив и го запрашав министерот, бидејќи се наоѓаме во една таква состојба заинтересираните граѓани Не би можеле, па дали Владата размислува да го продолжи тој рок од 15-ти, министерот кажа дека Владата не размислува, но добро е што тој рок сега е продолжен до 20-ти, но и тој рок е краток за граѓаните да Се одлучат по ова право. Бидејќи Одлуката за 24 плати на Владата на Република Македонија која важи до 20-ти јануари е многу јасна, многу точна и концизна. Сите вработени кој сака доброволно, односно спогодбено да му престане работниот однос да потпише изјава и ќе добие 24 плати со тоа што Нема да користат одредени права за кои *ќе* зборувам.

Таквата одлука која 6еше промовирана преку маркетиншки пристапи во средствата за информирање, портпаролот на Владата направи по првите два дена да каже дека се пријавиле 1.000 заинтересирани чиновници да го користат тоа право.

Господине претседателе и почитувани пратеници, кога носиме прописи и Владата и Парламентот, тие се однесуваат за граѓаните и најнормално и најлогично е граѓаните да ги читаат онака како пишува и да бараат да ги остварат. Што се случи? Се случија сите оние, знаејќи ги решенијата за кои подоцна ќе зборуваме, од овој закон кои исполнуваа одредени услови за Пензија си калкулираше најнормално. Парламентот носи закони, граѓаните треба да бараат во тие закони Не правни празнини, но да ги применуваат во дадениот миг и најлегитимно е оти државните службеници почнаа да се пресметуваат Ќе земам 24 плати, имам уште дена година или 6, 8 месеци до пензија, ќе Земам 8.000 ДЕМ или 6.000 ДЕМ, ќе плаќам уште 6 месеци придонес во тој дел, особено е зголемен тој дел со укинување од Уставниот суд на Законот за предвремено пензионирање и Се јавија огромен број.

Затоа, пред овој Парламентот и министерот треба да го запознае Парламентот колкав е интересот на граѓаните за 24 плати, за да можеме и да расправаме и да бидеме информирани. Владата на овој прилив на огромен интерес Се јавува со друга интервенција. Владата Не ја Менува одлуката, вели одредбите од Одлуката за остварување на правото на 24 плати не важи за оние лица кои ќе го остваруваат правото од донесениот закон за измена на Пензиско и инвалидско осигурување. Владата не може така. Па други забуни, па министерот за образование вели да, оние кои ќе користат 24 плати односно Ќе одат по Одлуката за доброволно 0ДеЊе ќе користат уште 12 плати, што создава забуна.

На крајот, како стручен и компетентен се јави за да ја извади оваа работа и да им стане јасно на граѓаните, да го исправи и нормативниот дел, мислам е Дека директорот на Агенцијата за државни службеници, тој кажа, да, доброволно, но доколку работодавачот Се согласи, што значи по автоматизам ги елиминира оние што одат во предвремена пензија, што е најопасно. Портпаролот на Владата, средствата за јавно информирање, спроведуваат една таква кампања во која Се Вели тоа е многу добро, тоа е патриотски, тоа е хумано, граѓаните да заминат со 24 плати.

Морам да кажам еден пример. Слушам еден подрачен началник на образование во Гевгелија, како на селските учители и професорите, слушав на Радио Скопје на централниот дневник даваше како ги повикува сите оние во интерес на реформите, во интерес на патриотизмот, во интерес на државноста, сите граѓани односно вработени во подрачната единица да одат со 24 плати. Нема потреба тој тоа да го каже. Ако е толку добро, ако толку обезбедува хумано тој подрачен началник нека си потпише една спогодба и нека замине.

Оваа Мерка е добра. Со 24 плати, но сметам дека требаше да оди по завршување на

искористување на сите можности со предвремено пензионирање и кај одредена категорија на луѓе кои имаат свои бизниси, кои имаат бизниси на своите синови, треба да остваруваат во тој дел.

Тоа е што се однесува на Одлуката за 24 плати.

Пред овој Парламент мора, барем сега е приликата кога зборуваме за реформата на јавната администрација и спроведување, критериумите и мерките солидарно ќе им овозможиме да отпуштиме одреден број на луѓе кои под притисок на ММФ согласно Стратегијата треба да ја намалиме, подолго време Република Македонија е под едно оптоварување или оптоварена и Владата и граѓаните особено вработените во органите на правосудството.

Сите сме свесни дека органите во судството, правосудството подолг период штрајкуваат, со тоа што се нанесува огромна штета како на граѓаните, така на стопанските субјекти, така и на државата. Овој Парламент од страна на Владата треба да биде информиран, бидејќи продолжува подолг период, што мисли да преземе, а најголем проблем пред овој Парламент и пред тие вработени треба да укаже дали е точно дека во Република Македонија вработените во Министерството за економија пред Нова Година и сега се подготвуваат да примаат надоместоци на плати во зголемен обем. Дали е точно вработените во Фондот за здравство на Република Македонија со своите подрачни единици примија зголемување на личните доходи од 20%. Дали е точно вработените во Министерството за финансии добија во вид на награди, во вид на надоместоци зголемување, дали вработените во Царинската управа добија, тоа е она што овој Парламент Владата треба да го информира.

Господине претседателе, не може, на сите се мали платите, но иритира она што Владата дали е точно или не, Владата односно Министерството за правда, јас би инсистирал, дали да се донесе заклучок, да го информира Парламентот или за една од наредните седници и вие како претседател би требало да побарате, состојбата со штрајкот во правосудството зема загрижувачки размери. Вие можете да се потсмевате претседателе, тоа е ваше право, но ...................

Исто така, министерот или претставникот на Владата при оваа реформа мора да расчистиме едно важно прашање тоа е прашањето дали во државната администрација во Република Македонија и во овој момент се вршат нови вработувања. Сите сме сведоци во средствата за јавно информирање е објавен оглас за прием на 24 млади стручни кадри во Министерството за финансии. Дали има логика со овие основи, со овие прераспоредувања на 100000 да не можат да е најдат кадри, не е важно од каква политичка провиниенција, стручни, компетентни, да се префрлат таму каде што има вишок, имаме 40.000 вишок вработени. Дали е точно дека се примаат во Царинската управа, се примаат во Фондот за здравство, се примаат во подрачните единици по општините, зборувам врз основа на сознанија на граѓани. Владата е должна пред овој парламент и на оваа седница да каже дали од донесување на Одлуката на Владата со која, видете до кој апсурд се доаѓа на непочитување на актите. Има Одлука на Владата која со новите измени на Законот за извршување на Буџетот се имплементира во тој закон во кој вели "Во органите на државната управа не може да биде примен ни еден вработен додека не се добие согласност од Министерството за финансии". Откако ќе се добие согласност од Министерството за финансии, се оди лично со таа согласност, со барањето од органот или организацијата до премиерот на Владата на Република Македонија, односно до Канцеларијата на премиерот. Така пишува во таа Одлука, која е објавена во Службен весник. Така пишува и во Законот за изменување и дополнување на извршување на Буџетот на Република Македонија.

Овој Парламент, кога зборуваме за судбината на огромен број кои ќе бидат, ај да не речам не отпуштени, кои ќе бидат врз основа на одредени критериуми и слично ќе им престане работниот однос, овој Парламент да знае дали Канцеларијата на премиерот на Република Македонија од донесување на таа одлука односно од забраната за примање колку дозволи има издадено, тоа мораме да го знаеме. Од една страна примаме, а од друга зборуваме хумано, Европа, рационализација. Ако во 20, 40 илјади нема, ќе зборувам подоцна, да се најдат такви кадри, тука нема логика. Нема поддршка од јавноста, нема реформи кога од една страна едно кажуваме, а друго работиме.

Има уште еден проблем кога зборуваме за јавната администрација, оптоварени вработените во државните институции, односно државните службеници. Тоа е проблемот со подрачните единици на Министерството за правда. Точно е, овој Парламент пред 6 месеци го донесе Законот за организација и функционирање на органите на управата. Таму во тие измени односно во тој Закон се кажа дека при Министерството за правда не се вршат одредени работи кои се од архиви за сите други подрачни единици на државната управа, достава, освен избирачките списоци, ни персоналните работи. Тој закон се донесе, се мируваше 3 дена пред Нова Година, министерот за правда, без никакви консултации, без никакви опомени, без никакви договарања, без никакви усогласувања

пушти факс на сите вработени да им се одземат печатите, да им се одземат надлежностите освен оние за избирачки списоци и на куририте кои треба да вршат работи за правосудство и само за правда. Во тој склоп го изменивме и Законот за државни службеници.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ**: (продолжение)

Оваа измена што ја направивме вели - во колку во рок од месец дена не се распореди вработен во државната управа, му престанува работниот однос.

Министерот за правда и Министерството треба да дадат рок, за да не им престане на овие луѓе работниот однос, не да ги лажат и да ги носат од една врата до друга. Вели,ќе преминете во единиците на локалната самоуправа. Па кој ќе ги прими. Ние носиме закон за ограничување на приходите. Единиците на локалната самоуправа донесоа буџети . Немаат пари. Треба тоа да се решава во координација. Меѓутоа оваа влада тоа не го прави затоа е дојдена до тука работата. Ние тие луѓе треба да им се реши статусот. Ова е дел на реформите што ги донесе Владата и парламентот.

Сега малку ќе зборувам за она што е предмет на текстот на законот за измена на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, од аспект на таканаречениот втор дел, бидејќи водевме расправа за првиот дел. Ова се однесува на делот на реформи во главната администрација.

Овој закон следејќи го Законот за измена на законот за работни односи, за престанок на работниот однос по потреба на стручната, што е многу чудно и во тој закон. На предлог на двајца пратеници Владата прифаќа амандман во кој рокот од три години, за остварување на една од правата, се зголемува на пет години, без никакви квантификации, без никакви пресметки, што е многу чудно. Зголемување од три на пет години без да се направи одредено согледување на кој дел од граѓаните би се однесувало,затоа сметам дека и во овој закон во основа го дерогира Законот односно реформите што ги спроведуваше оваа Влада на голема врата, во системот на пензискиот и инвалидско осигурување односно кога Владата велеше тоа е реформа за сигурни пензии и за сигурна старост.

Овој парламент изгласа закон со кој од 1.09.2000 година настапија нови услови на пензионирање и тоа беше единствен услов, 62 години старост жена и со 15 години стаж и 64 години старост маж, со 15-години стаж. Тоа беше објаснувано за сигурност на пензискиот систем.

Сега што се прави? Сега со овие измени, законот кој влезе во сила од септември 2000 година не се применува на одредена категорија од 100 иљјади вработени, што значи условот за одење во пензија со 64 години маж и 62 години жена ќе важи само за вработените, би кажал, само за работниците во фабриките или сите вработени во стопанството. За целокупната јавна администрација не важи. За тоа прв недостаток со кој, колку што имам сознанија не се согласува и ММФ е ваквото решение да биде трајно. Ваква мерка е прифатлива доколку траеше одреден временски период, до 30.12.2001 година или до 30.06.2002 година, од времен карактер, за да оствариме дел од реформите. Ова нуди решение како трајно решение и прави различен систем на пензионирање од една или друга категорија.

Она што е уште полошо е што од страна на Владата во јавноста не се дадоа точни појаснувања, бидејќи имаме вакви измени, на кого се однесува правото на престанок на работен однос по потреба на службата, тие кои се пет години пред пензија да можат да остварат право на пензија со 80%.

Бидејќи со наведениот закон кој влезе во сила во септември , во член 17 вели 64 години маж и 62 години жена. Значи, маж може да оди во пензија со 59 години старост, а жена може да оди со 58 години старост. Но, тоа не е така. За тоа законодавецот треба да објасни, бидејќи во членот 17 од овој закон постои став 2. Во тој став има регулираше на односите кај жените, бидејќи кај мажите до 2001 годи на беше 63,5 години, до 2007 година да се достигне границата. Јас прашувам дали тоа се однесува на лицата вработени а кои остваруваат право со 54 години старост и 15 години стаж е еден услов, бидејќи жените во 2001 година согласно член 17 став 2, ќе одат со 59 години старост и 15 години стаж. Тоа не е јасно па и понатаму, по донесување на овој закон ќе треба да даваме толкување. Мислам во тој дел би требало да се однесува на ставот 2, ,59 години минус 5 години, треба да биде 54 години жена односно 64-5, 59 години за маж, може да одат во пензија согласно овој закон со 80%.

Тука има уште ден проблем. Тој е проблемот што се случува со оние вработени во државната администрација по истиот закон. Мислам дека во членот 30 вели - со денот на влегува во сила на Законот за измена и дополнување на законот за пензиско и инвалидско осигурување, оние лица кои со денот на влегување во сила на законот, тоа е 1 септември 20 00 година, мажи имале 35 години стаж, жени имале 30 години стаж, се однесуваат одредбите од стариот закон, што значи важат за нив и староста и стажот, кои беа регулирани со претходниот закон за одење во пензија.

Исто така не е јасно што станува со бенефицираниот стаж, особено како ќе се спроведува кај вработените во Министерството за одбран. и во Министерството за внатрешни работи.

Ваквото решение кое сигурно ќе биде усвоено од ова парламентарно мнозинство, врз основа на одредени досегашни искуства, врз основ. на досегашни јавувања од теренот, врз основа на одредени притисоци во стилот земи 24 плати затоа што ќе бидеш истеран по потреба на службата, па тогаш нема да имаш ни 24 плати,

има наговестување дека ќе се врши врз основа на одредени политички убедувања на државните службеници, што е најлошото, и за она што зборуваше министерот за труд и социјална политика, бидејќи низ законот за работни односи, и овој закон не нуди никакви критериуми. Не нуди критериуми за престанок за лицето, а особено во делот со измените на пет години, да му престане работниот однос по потреба на службата, со право на пензија.

Бидејќи 100 илјади вработени, јас мислам дека огромен број ги исполнуваат условите. Се обидов да добијам податоци, не успеав, не ги добив ни од еден орган. Но, мое сознание е дека од тие 100 илјади, бидејќи решението е трајно, има 20 до 30 илјади кои ги исполнуваат условите со 54 години старост жена и со 59 години старост маж. Значи со вакво трајно решение нема потреба од понатамошна реформа во јавната администрација, нема потреба од спроведување на стратегијата, бидејќи владата си обезбедува материјал оваа година ако треба 4000, по своја проценка ќе им даде престанок на работниот однос, има и за следната година и за сите наредни години. Тоа е она основното што создава страв кај граѓаните и кај опозиционите партии и кај нас пратениците создава одредени сомневања дека оваа отпуштање, односно оваа реформа за намалување на вработените ќе се врши со одредени политички припадности на државните службеници.

Апелирам владата да воведе одредени критериуми врз основа на стручноста, на оние на кои ќе им престане работниот однос а не ги исполнуваат условите за пензија, кои ќе имаат право на 12 лични доходи и понатаму уште 18 месеци надоместок во заводот за вработување, да бидејќи врз основа на критериуми за да имаме стручна администрација, бидејќи овој парламент, што е опасно, како трајно менување на законот за пензиско и инвалидско осигурување, создава една пракса. Ако оваа влада го примени овој критериум, морам да кажам тоа ќе и се врати како бумеранг. Еднаш воспоставена пракса, врз основа на политички убедувања, да се испуштаат вработените, ќе им се врати на краток рок на тие што сега отпуштаат. Тие треба да бидат свесни бидејќи ако применуваат такви методи самите да бидат спремни, затоа што оној кој на другиот му копа дупка самиот паѓа во неа. Значи, да бидат подготвени дека за кратко време на нив ќе им се случи тоа што сега се обидуваат да го прават. Тоа не се закани, тоа е дискусија во парламентот. Луѓето ќе кажат,. немаат право на доставување на жалба, критериумите се укинати немаат право на суд , она што зборував да ги утврдуваат критериумите врз основ ана кои ќе биде прогласени за вишок. И овде најотворено, најискрено и најчесто треба да се укаже. Има сознание дека се врши притисок на одредени, на пример бивши началници при поранешното министерство за урбанизам. Понатаму, свесни сме дека на вчерашната седница беа повикани сите пазарни инспектори. Ќе се отпуштат 40 инспектори затоа што требало да имаат економски или правен факултет, колку што мене ми е по: Нато, не сум го доволно проучил. Но, во законот за пазаришна инспекцијата рековме да има и технолози,, тука е секретарот на Собранието која беше тоа мислам повеќе го познава тоа. Не знам точно не тврдам но таквиот настап во средствата за информирање се кажа дека 40 инспектори ќе бидат отпуштени. Сознанијата зборуваат за ваков начин, затоа јас не претам но сакам да укажам, бидејќи ќе биде поддржан овој закон. Владата врз основа на изградени критериуми да се обиде да ги спроведе овие закони, особено во делот, морав да кажам, оние што остваруваат право на пензија остваруваат со 80%, што е добра пензија во овие тешки времиња, но, оние кои ќе добијат 12 месечни плати, тоа да биде врз основа на критериуми а не на други политички реваншизам и притисоци. Затоа г-дин претседателе, сметав за потребно да и укажам на Владата за оваа битна област и понатаму да продолжи во спроведување на стратегијата во познатите правци на комерцијализација, приватизација и слично.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам пратениците нека влезат во салата, да си седнат на своите места за да можат да гласаат.

Молам, да гласаме.

Од 77 присутни пратеници во салата 68 гласале.

За гласале 53 пратеници, 2 пратеници се воздржани и 13 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнуваше на Законот за пензиско инвалидско осигурување.

Сега е 14,20 часот, па ве молам да направиме една пауза до 16,00 часот, пауза за ручек, а потоа да работиме до 19 часот за да ја завршиме оваа седница.

(по паузата седницата продолжи со работа во 16,30 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, сите пратеници да седнат на своите места да можеме да утврдиме точен број со притискаше на едно од копчињата на системот за гласање.

Констатирам дека во салата се присутни 61, еве сега пристигна уште еден, значи 62 пратеници и можеме да продолжиме со работа.

Констатирам дека повеќето од пола пратеници се присутни во салата.

Имаме присутно 63 пратеници.

Минуваме на точка четири - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешно трговско работење со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок.

Ве молам, сепак, г-динот Бузлевски бара збор.

Има збор г-динот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

Иако во Парламентот има фактички 55 пратеници, а нема 61 како што вие најавивте...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го молам г-динот Бузлевски да дозволи сега да утврдиме точен број. Да видиме дали тој навистина ја дезинформира јавноста или го знае точниот број.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници.

(реакции во салата)

Молам, молам, молам веднаш службите нека утврдат точен број на присутни пратеници во салата, да се знае дали се занимаваме со работа или шпекулираме и само измислуваме работа.

Ако е така, на г-динот Бузлевски веднаш ќе му го земам зборот, нема да има седница бидејќи ќе нема присутни пратеници.

(службите вршат пребројување на присутните пратеници во салата,

Констатирам дека во салата се присутни 62 пратеници.

Значи, не е точно што зборува г-динот Бузлевски дека има 55 пратеници во салата.

(реакции во салата, претседателот предупредува на ред со ѕвончето).

Молам, пратеникот нека продолжи.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Во претходната работа на Парламентот се донесе, во исто вакна процедура Предлог, тогаш беше предлог, а после усвојувањето стана Закон за изменување и дополнување на Законот за надворешно трговско работење, во кој што Закон се вградија одредби што ги обврзаа субјектите што вршат стопанска дејност од увозно-извозната сфера да издвојуваат средства што, согласно членот 57-6 од тој Закон, требаше да се насочат за популзирање на одредени активности што беа поврзани со надворешната активност на стопанските субјекти. А, замислата на предлагачот, после официјализирана преку усвојување на законот во Парламентот, беше дека со програми се поддржат одредени активности што се сметаше дека ќе донесат ефекти во вкупната економија на РМ.

Еве, сведоци сме на уште една измена на Законот за надворешно трговско работење, која што измена пропишува проширување на намените на пласирање средствата за додатни цели, за кои што, исто така, се смета дека со тоа ќе се изврши поддршка или ќе се обезбеди поддршка на стопанските субјекти и со тоа да ја зголемат својата ефикасност од работењето.

Ако тргнеме од појдовната идеја што беше тогаш осмислена, а со Законот реализирана и ако ги спореди ме остварените резултати од денеш аспект за она што се целеше тогаш од тој период, може да дојдеме до неколку заклучоци, од кои што јас ќе бидам слободен овде да објаснам, преку секако статистички показатели и одредени состојби во македонската економија.

Ако основна цел на одредбите од постојните Закон, со кои што се собраа близу 8 милиони ДМ средства од стопанските субјекти што, преку разни активности на надлежните министерства беа пласирани, јас не знам кое е салдото сегашно, но знам едно дека вкупно се собрани 218 милиони денари, иако тие требаше да се пласираат кај стопански субјекти за популзирање на извозот од соодветните субјекти,а со тоа и поагресивен настап на тие субјекти на странските пазари преку нужно и маркетиншко нивно презентираше, вклучувајќи и саемски манифестации, состојбата во врска со надворешно-трговската размена во РМ која што, тогаш, со таквите одредби беше замислено да се подобри, од денешен аспект анализирана е влошена.

Во 2000-та година извозот расте, за првите девет месеци за 14,5%, а додека увозот има пораст за 23,8%. Тоа значи дефакто дека има поинтензивен извоз во однос на извозот и имаме полоша структура на покриеноста на извозот со увоз. Ако се анализира 10-то месечниот период во 2000-та година и се спореди со истиот период во 1998 година, ќе се види дека извозот е номинално поголем, во апсолутен износ само за 4 милиони долари, а додека увозот, за истиот период е поголем за цели 215 милиони долари. Истовремено, ваквата состојба предизвика нарушување кај трговскиот дефицит на РМ , што енормно порасна како тековен дефицит и , за 10 месеци изнесува нешто над 600 милиони $. Или, ако се проанализира со трговскиот дефицит што е остварен во мандатот на оваа Влада, т.е. во првата година од мандатот на оваа Влада, што изнесуваше 500 милиони$, може да се дојде, лесно, до износ остварен во претходните две години на трговски дефицит претворен во германски марки од над 2,7 милијарди германски марки.

Презентирајќи го овој показател можам да констатирам дека илузијата што беше тогаш присутна,дека со ваква мерка или слични на нив и

други мерки, без една конзистентна стратегија на извозот на производството од РМ или во отсуство на таква конзистентна стратегија доаѓаме во еден ваков лош, фрапантно лош резултат.

Ако тогаш беше овде, од оваа говорница објаснето дека со ваквите мерки индиректно ќе придонесеме и за пораст на физичкиот обем на индустриското производство, а ако истовремено ги погледаме остварувањето во 10-те месеци од 2000-та година, тогаш може слободно да се заклучи дека од најавениот висок пораст на физички обем на индустриско производство на почетокот на 200 0-та година, споредено со оној остварен за 10 месеци во 2000-та година, може слободно да се дојде до показателот дека физичкиот обем на индустриското производство остварен во 2000-та година за 10-те месеци е помал во однос на тоа што е остварен за истиот период од 1998 година.'

Што сакам да кажам? Дека многу во изминативе месеци во РМ се слуша за остварени крајно позитивни резултати во македонската економија. Но, ако аналитички се погледа и ако реално се проанализира и се компарира она што е остварено со елементи од економијата што се споредливи, а остварени во изминатиот период, тогаш овие кои тоа така го објаснуваат или не ја согледуваат стварноста или сакаат преку искази да ја изменат стварноста.

Токму затоа станав за да кажам дека и покрај тоа што со една голема еуфорија тогаш се донесе овој закон, сепак ефектите од неговата примена се никакви, најмалку се позитивни. Оттаму сум скептик дека на ваков начин, со изолирана ваква мерка што предвидува и пропишува додатно оптоварување при увозот и извозот и располагање на тие средства преку програми што, најверојатно, доминира субјективизмот, нема да се остварат поставените цели што се зацртани во основот за носење на овој закон.

Токму затоа мислам дека овој закон не носи ништо позитивно, туку напротив го оптоварува тековното работење на стопанските субјекти што, и покрај сите проблеми, се обидуваат на секаков начин да ги надминат.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Г-динот Никола Поповски бара збор процедурално.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дин претседателе,

Сакав да предупредам на еден факт што се случува во Собраниево што мислам дека никому не служи на чест, меѓутоа, апсолутно факт за кој што мора вие да водите сметка.

Имено, ние, во последниве две години, и на минатиот претседател а сега и на вас укажуваме на фактот дека системот за електронско гласање овозможува само ако земете од таму картичка од било кој пратеник да ја ставите во неговата позиција и да ги притискате копчињата толку колку имате волја, вие како претседател ...

(реакции во салата, а претседателот предупредува на ред со ѕвончето.)

Овие што викаат, веднаш да им кажам дека кога ќе почнат повторно да викаат ќе прекина, а кога ќе прекинат тие ќе продолжам и нема да обескуражат никогаш.

(реакции во салата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам за ред.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Во таа позиција во Собранието сме сведоци, на што сме укажувале долго време дека многу често се носат закони без уставниот основ при гласањето, односно во моментот во салата да гласаат само оние кои се присутни.

Еве, сега сакам да констатирам, врз основа на официјалниот листинг од собраниската сала, во кој се гласаше за присуство на седница на одредени пратеници. Во моментот кога вие го отворивте гласањето за да се види кој е присутен, гласаа вкупно 61 пратеник дека се присутни без разлика дали гласале за, против или воздржани, со едно притискање на копчето. Тоа беше во 16,28 часот. И, без сега да листам по целиот список од три страници, само на првата страна веднаш ќе укажам дека, за жал тоа се виде и на телевизијата од камерите на МТВ, успеавме да го видиме дури и на телевизија како одредени пратеници најнормално притискаат прво за себе, па после се наведнуваат дури и до третото место. Чисто од радозналост дали тоа вродува со резултат го земавме листингот, констатиравме следно дека во моментно: на гласање дека се присутни гласале и пратеникот Данило Глигоровски, за кој видовме пред една минута дека влезе во Собранието на РМ од како веќе пратеникот Бузлевски одамна ја имаше почнато дискусијата тој допатува од надвор во Собраниево, влезе. Исто и г-цата Весна Јовановска е гласано дека била присутна, изразувам сомневање дека била присутна во моментот на гласањето и мислам дека и сега не е во салата.

Сосема сум свесен за одговорот што вие ќе ми го дадете. Сосема сум свесен дека вие ќе кажете дека сте ги изброиле. Меѓутоа како координатор на пратеничката група изразуваме многу сериозно сомневање дека вие не сте во ситуација при секое гласање,за секој амандман, за секој закон ако се појави таму 61 или повеќе , дополнително да пребројувате.

Очигледно дека во Собраниево техниката се злоупотребува многу масовно и тоа се сфаќа како најнормален факт дека некој може да гласа за закон, за амандман, за присуство за својот колега и дека со тоа наводно само ја помага работата на својата пратеничка група. Се разбира дека ние немаме ни техничка можност, како опозиција, да го детектираме тоа во секој момент, да трчаме по

листингот во секој момент, да трчаме по камерите и тука да пребројуваме или да гледаме дали некој присуствува, дали некој за него притиска. Меѓутоа, не барајќи од вас ништо да преземете, затоа што знам ниту сакате, ниту можете да преземете, едноставно сакам да укажам дека во Собраниево почнува да завладејува една атмосфера што станува многу трагична, а тоа е дека Собранието мисли дека со стариот факт што некој закон дошол во собраниската сала дека нашата единствена цел е да овозможиме услови тој да биде изгласан по било која цена, по било какви услови и дека не е потребно никој за тоа да размислува дали кои гласаат се присутни, дали има 61 итн.

Ова сфатете го како моја процедурална забелешка , без барање нешто да се промени во Собранието, затоа што очигледно со оваа техника и ништо не може да се промени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, процедуралните забелешки се корисни, но треба да дадам одговор на секоја, ако се однесува на раководење со Собранието.

Сакам да ви кажам, да ве потсетам за последниот пример што го посочи г-динот Никола Поповски, точно е тоа дека листингот покажа дека има 61 присутен пратеник. Меѓутоа, јас не верував и побарав да се изброи, да се утврди точниот број дали се тука пратениците. Се покажа дека нема доволно, беа 6 0 и не можевме да продолжиме со работа. Одлучивме да почекаме. Така што на тој начин проверуваме.

Видете, имаме електронски систем откако се доселивме во оваа сала. Верувам дека е можно злоупотребување. Колку сум слушал во разговорите и во другите парламенти, такви обиди на злоупотреба има и таму. Невозможно е од сето тоа да се избега до крај.

Апелирам до вашата совест, на сите, сите треба да внимавате и да бидете тука, да знаете дали има или нема. Се разбира, тешко е тоа да се контролира, освен како што овде ме предупреди г-динот Бузлевски дека тој се сомнева дека има 55 пратеници. Веднаш ја прекинав дискусијата да утврдиме точно колку се. Утврдивме, беа 62 пратеници, па продолживме со работа.

Ве молам сега, за да продолжиме, (реакции во салата), ве молам,

ве молам за да продолжиме сега пак ќе утврдиме колку пратеници има во салата. Ако нема доволно, навистина, ќе притиснете на копчињата и ќе си одиме.

Меѓутоа,ние овде сме избрани за да работиме. Сите вас ве повикувам да бидете присутни. За тоа земаме плата. А, законот овде, тоа е смислата. Секој предлагач законот овде го дава за да биде изгласан.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сите ние овде имаме интерес да обезбедиме постапка на изгласување на законот, на гласање по законот. Постапката треба да ги обезбеди сите неопходни фази во неа, а исто така треба да обезбеди и присуство како што е пропишано со Уставот на Република Македонија. Инаку, нема никаква смисла да се даваат предлози на закони, ако не минат постапка на изгласување. Тоа е основно.

Ве молам сега да утврдиме колку пратеници се присутни во салата. Додека не утврдиме, нема да тече седницата, не може да има процедурално прашање. Дајте да видиме дали има доволно пратеници.

Ве молам, вклучете го системот па да видиме како тоа функционира со заедничкото броење.

Во врска со прашањето за гласање со други имиња, тоа зависи и од службите, мора да ги даваат само на конкретниот човек кој влегува, Тоа не смее да се прави.

Сега, според системот за гласање имаме 59 присутни пратеници во салата.Ве молам, сега избројте ги пратениците.

(По пребројувањето на бројот на пратениците од страна на службите)

Еве, имаме 63 присутни пратеници, а 59 притиснале на едно од копчињата на системот за гласање. Тоа е многу несериозна работа.

Има збор, господинот Билал Љутвии.

**БИЛАЛ ЛУТВИИ:**

Господине претседателе, колеги пратеници, јас има една молба до колегите пратеници од СДСМ да престанат со тоа дежурно провокаторство од политиката на заложништво. Ова го велам од причина што ако "држи" фактот дека треба мнозинството пратеници што сме во ползи да почнеме со седницата, ако пак тие имаат "такво право" од нивните избирачи, тогаш од каде е правото тие да не држат нас другите како заложници овде од една страна, а од друга страна по два,три часа да ни држат лекции. Кога станува збор за пратениците, просто кажано да се напијат кафе и да ручаат, тогаш тие да внимаваат цело време, така што ги пребројуваат пратениците и така пред јавноста многу е јасно дека не држат како заложници. Со други зборови, легитимноста на пратениците што така се однесуваат е поврзана со нашата легитимност односно тој пратеник не е во состојба да следи односно да придонесе за своите избирачи односно за граѓаните на Република Македонија.

Би било невкусно, но јас предлагам координаторите на пратеничките клупи да седнат и верувам дека ќе се согласи координаторот на Пратеничката група на СДСМ Никола Поповски, па така да го знаеме нивниот став дали тие ќе придонесат во ова Собрание. Доколку не, тогаш ние да знаеме и кога тие ќе земат збор тогаш ние нема да бидеме тука. А бидејќи ние сносиме одговорност за обезбедување мнозинство тогаш ние ќе се договориме кога имаме можност да бидеме 62, 63 пратеници, тогаш ќе распраавме и ќе донесуваме одлуки, закони итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја ислушавме и оваа забелешка. Сакам само да ви кажам дека функцијата, позицијата и институцијата пратеник е голема работа во секоја држава. Илјадници луѓе да му дадат некому доверба да ги застапува наместо нив не можеме да си играме со таа работа.

И сега ќе мораме да утврдиме точен број на присутни пратеници. Во меѓувреме некои пратеници излегоа од салата, не знам дали други влегоа. Затоа, невозможно е така да се работи. Треба да има една сериозност во работата. Сега да видиме дали има доволно пратеници во салата. Ве молам, притиснете едно од копчињата на системот за гласање и ако нема доволно присутни пратеници, ќе ја прекинеме седницата. Очигледно така нема услови да работите. Ве молам, избројте уште еднаш колку пратеници се присутни затоа што добиваме различни бројки, 60,61, 62, 61, 60 итн. Ве молам утврдете го точниот број на присутни пратеници.

(По пребројувањето од страна на службите)

Сега имаме 57 пратеници.

Молам, вклучето го системот за гласање за да го утврдиме

точниот број на присутни пратеници и ја прекинувам седницата.

(По притискањето на системот)

Сега имаме 60 пратеници присутни во салата.

Ја прекинуваме седницата. Продолжението на седницата ќе го закажеме дополнително, бидејќи немам претстава утре кои комисии работат.

Ја прекинувам седницата.

(Седницата прекина во 17,00 часот).